Мојот невролог кој ми препиша LEMTRADA може да се добие на бројот подолу. Може да бидат наведени и други лекари или здравствени работници коишто се вклучени во мојата здравствена заштита.
Ако се направат други медицински прегледи, обезбедете примероци од сите медицински наоди, вклучувајќи ги и сите третмани и/или резултати од тестирања за лекарите наведени подолу.

**Име на пациентот:**

**Потпис на пациентот:**

| | Име и презиме: | Телефонски број: |
|---|---|---|
| Невролог: | | |
| Лекар по општа медицина: | | |
| Медицински сестри задолжени за МС: | | |

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

# КАРТИЧКА СО ПРЕДУПРЕДУВАЊА ЗА ПАЦИЕНТОТ

**ПОСТОЈАНО НОСЕТЕ ЈА СО СЕБЕ ОВАА КАРТИЧКА И ПОКАЖЕТЕ ИМ ЈА НА СИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ ЗА ДА МОЖЕТЕ ДА ГИ ИНФОРМИРАТЕ ЗА ВАШЕТО ЛЕКУВАЊЕ СО LEMTRADA.**

Јас се лекував со LEMTRADA, лекување за мултипла склероза (МС), кое влијае врз имунолошкиот систем. Учествувам во специјална програма за следење која се спроведува секој месец во текот на лечењето и уште 4 години по мојата последна терапија.

Терапијата со LEMTRADA може да го зголеми ризикот од:

- **Автоимуни болести како:**
  - Проблем со крвавење наречен Идиопатска тромбоцитопенична пурпура (ITP)
  - Ретки проблеми со бубрезите, како што е болест со антитела насочени против гломеруларна базална мембрана (анти-GBM)
  - Проблеми на тироидната жлезда (хипотиреоидизам / хипертиреоидизам)
- **Сериозни инфекции**

**Лекари:** Погледнете во Збирниот извештај за особините на лекот LEMTRADA достапен на следниот линк: https://lekovi.zdravstvo.gov.mk

SANOFI GENZYME

ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ

## Што треба да знаете за лекот LEMTRADA® (alemtuzumab)

Важни несакани реакции на кои треба да внимавате:
**Веднаш контактирајте го вашиот невролог за да ги пријавите овие симптоми, без разлика дали се нови, влошени или повторени симптоми. Ако не можете да стапите во контакт со вашиот лекар, побарајте итна медицинска помош. Покажете им ја оваа картичка!**

**Идиопатска тромбоцитопенична пурпура (ITP)**

- Мали расфрлани точки на кожата, кои се црвени, розови или виолетови
- Лесно помодрување
- Крвавење од исеченица кое е потешко да се запре од вообичаено
- Пообилни, подолги и почести менструални циклуси од нормално
- Крвавење меѓу менструален циклус или пообилно менструално крвавење
- Крвавење од непцата или носот како нова појава, или треба подолго време да престане.
- Искашлување крв (исто така може да биде знак за проблем со бубрезите)

**Нарушување на бубрезите**

- Крв во урината која може да биде со црвена или со боја на чај
- Оток во нозете или стапалата.

**Сериозни инфекции**

- Треска и/или настинка
- Отечени жлезди
- Недостиг на воздух, кашлица, отежнато дишење, болка во градите или стегање во градниот кош и искашлување крв.

**НЕСАКАНИТЕ ДЕЈСТВА МОЖАТ ДА СЕ ПОЈАВАТ И ПОДОЦНА, ПО ПРИМЕНАТА ДОЗА ТЕРАПИЈА СО LEMTRADA.**

**Многу е важно да продолжите да ги правите месечните тестирања (дури и ако се чувствувате добро).**

**Правете го ова 4 години по последната терапија со LEMTRADA.**

**Раната детекција и дијагноза може да ви овозможат најдобри шанси за подобрување.**

**Мора да продолжите со следење на појавата на знаци и симптоми.**